# Зошто да се обврземе на ETI Base Code?

Ethical Trading Initiative
Respect for workers worldwide

www.ethicaltrade.org

### Вработувањето е прашање на слободен избор

Ропството и принудната работа се целосно неприфатливи. Скоро 21 милион луѓе се жртви на принудна работа.

### Почитување на правото на здружување и правото на колективно договарање

Десетици илјади работници годишно ги губат своите работни места поради обиди да формираат или да се зачленат во синдикат или да ги подобрат условите за работа. Некои дури и го губат животот.

### Безбедни и хигиенски услови за работа

Се проценува дека 2,3 милиони луѓе годишно умираат од несреќи и болести на работа.

### Детскиот труд нема да се користи

168 милиони деца работат за да ги издржуваат своите семејства, пропуштајќи го образованието и честопати го влошуваат своето здравје. Ова го интензивира циклусот на сиромаштија.

### Ќе се обезбедат плати кои обезбедуваат нормален живот

Приближно половина од светското население сѐ уште живее со два долари на ден. Доколку возрасните не можат да ги прехранат своите семејства со плата, тогаш може да ги испратат своите деца да работат.

### Работното време не е прекумерно

Долгото работно време е пракса за повеќето работници во светот. Ова му штети на здравјето на луѓето и го поткопува семејниот живот.

### Без дискриминација

Жените и одредени малцинства често се ограничени на најниско платените работни места без пристап до обука или напредување.

### Обезбедено е редовно вработување

Повеќето работници можат да бидат отпуштени кога тоа му одговара на работодавачот. Ова ја поттикнува сиромаштијата и несигурноста и ги намалува платите.

### Забрането е сурово и нехумано однесување

Мал број на работници се заштитени од физичко, вербално или сексуално вознемирување на работното место.